U6637

„Утрински весник", 23. V. 2000.

*Нови заложби од Саво Климовски за дислокацијата на кабинетот на претседателот*

# Прифатен предлогот за иселување на Трајковски

Спикерот на македонскиот парламент, Саво Климовски, на последната седница повторно ја искажа сопствената определба кабинетот на претседателот Борис Трајковски да се дислоцира од зградата на Собранието. Тој соопшти дека добил уверување од Владата дека се бара нова локација за работни простории на шефот на државата. Всушност, Климовски ја искористи можноста што му се укажа кога пратеникот Амди Бајрам реагираше емотивно во врска со проблемите што ги имал со обезбедувањето на претседателот Борис Трајковски за време на посетата на шефот на бугарската држава Петар Стојанов. Првиот парламетарец тогаш рече дека има разбирање за реакцијата на Бајрам и ги информира пратениците дека упатил две писма до Владата во кои барал да се најдат



Саво Климовски, претседател на Собранието

нови простории за претседателот на државата. Тој уште рече дека на второто писмо му било одговорено дека Владата ги задолжила министерставата за градежништво и за финансии да се ангажираат за да најдат адекватен простор за ваква намена.

Колку за потсетување, Климовски ова прашање го покрена веднаш по доаѓањето на функцијата, кога на претседателската функција беше Киро Глигоров. Уште тогаш тој најави дека до Владата ќе поднесе иницијатива за нова резиденција за шефот на државата. Во тоа време првиот парламентарец сметаше дека најадекватен простор за ова е оној од левата страна на реката Вардар, каде што е сега сместен Музејот за современа уметност. Климовски беше на мислење дека тоа е извонреден простор којшто и историски, и културно, па и безбедносно одговара да се преадаптира и да биде соодветна претседателска резиденција. Истовремено, тој нагласуваше дека не ја спори функцијата на шефот на државата. (О.В.)